**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за комунални работи**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за комунални работи**

# ПРЕДЛОГ – ОСНОВЕН ПЛАН

за изменување на ОСНОВЕН ПЛАН за планирање, проектирање, подигање, одржување, заштита и реконструкција на зеленилото на подрачјето на Скопје за период (2020-2022) година

**Скопје, ноември 2022 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на  член 36 од Законот за локалната самоуправа ( “Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), член 12 став 1 и став 2 точка 2  од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр 11/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 42/20), Советот на Град Скопје, на ___________ седница, одржана на _______  2022 година, донесе

**ОСНОВЕН ПЛАН**

за изменување на ОСНОВЕН ПЛАН за планирање, проектирање, подигање, одржување, заштита и реконструкција на зеленилото на подрачјето на Скопје за период (2020-2022) година

Член 1

Во  Основниот план за планирање, проектирање, подигање, одржување, заштита и реконструкција на зеленилото на подрачјето на Скопје за период (2020-2022) година  (Службен гласник на Град Скопје бр.18/19), се вршат следните измени:

1. Во називот на Основниот план за планирање, проектирање, подигање, одржување, заштита и реконструкција на зеленилото на подрачјето на Скопје за период (2020-2022),  бројот  “2022” се брише и се менува со бројот “2024”.
2. Во глава I.Вовед, во првиот и последниот пасус бројот “2022” се брише и се менува со бројот “2024”.

Член 2

Овој план влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје”.

Број 27-
_________2022 година
Скопје

С О В Е Т  Н А  Г Р А Д   С К О П Ј Е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

**О б р а з л о ж е н и е**

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа ( “Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), утврдена е надлежноста на Советот на град Скопје.
Согласно член 12 став 1 и став 2 точка 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија " бр 11/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 42/20), Советот на Град Скопје е надлежен да донесе ОСНОВЕН ПЛАН за планирање, проектирање, подигање, одржување, заштита и реконструкција на зеленилото на подрачјето на Скопје, за период од три до пет години, во кој се утврдува просторот кој треба да се озелени и процентот на озеленетост што треба да се реализира во временскиот период и ја следи неговата реализација во согласност со Стратегијата за развој на зеленилото.
Изменување на ОСНОВЕН ПЛАН за планирање, проектирање, подигање, одржување, заштита и реконструкција на зеленилото на подрачјето на Скопје за период до 2024 година е поради тоа што е во тек изработка на Стратегија за зеленило, врз основа на која се донесува основениот план за зеленило.

Управувањето со зеленилото, што подразбира подигање, одржување, заштита и реконструкција на зеленилото е во надлежност на градот Скопје. Управувањето со зеленилото го врши ЈП “Паркови и зеленило” – Скопје, основано од страна на Градот Скопје, како единствен овластен субјект на подрачјето на градот, што може да ја обавува оваа дејност.

Поради горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ги донесе предложените измени на основен план.